Јавно претпријатие за
стопанисување со пасишта
Бр. 02-10/6
15.01. 2016 год.
СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА

# С Т А Т У Т

## на Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта

Скопје, Јануари 2016 година

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за Јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија„ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15), Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, на 1-та седница одржана на ден 15.01.2016 година, донесе:

# С Т А Т У Т
## на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

Со овој статут се уредуваат:
- Фирма и скратениот назив на Јавното претпријатие;
- Формата и содржината на печатот и начинот на неговата уптотреба;
- Дејноста на Јавното претпријатие;
- Организација на Јавното претпријатие;
- Органи на Јавното претпријатие;
- Управувањето и раководењето со Јавното претпријатие;
- Соработка со синдикатот;
- Штрајк во Јавното претпријатие;
- Јавност во работењето, и
- Општи акти и постапката за нивното донесување.

**член 2**

(1) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта е основано со Одлука на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија„ бр.18/98).

(2) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта врши дејност од јавен интерес.

(3) Работите на управувањето, унапредувањето и користењето на пасиштата (во натамошниот текст: стопанисување) се дејности од јавен интерес.

### ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Фирма и седиште**

**член 3**

(1) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта има својство на правно лице (во понатамошниот текст Јавното претпријатие).

(2) Фирмата на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта гласи:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА • Скопје

- **Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта.**

(3) Скратениот назив на Јавното претпријатие гласи:

- **ЈП за пасишта.**

(4) Седиштето на Јавното претпријатие е во Скопје на ул. Бул. „Партизански одреди“ бр.145.

**член 4**

(1) Јавното претпријатие има печат и штембил.

(2) Печатот на Јавното претпријатие е во тркалезна форма со следната содржина: „Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта“, а во средината на печатот стои „Скопје“.

(3) Подружниците на Јавното претпријатие имаат печат и штембил.

(4) Печатот на подужниците на Јавното претпријатие е во тркалезна форма со следната содржина: „Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта“, „Скопје“, а во средината на печатот стои „Подружница“ и се додава називот на подружницата.

(5) Подружниците кои имаат повеќе канцеларии во својот состав, имаат печат и штембил за секоја канцеларија посебно, со иста содржина во називот, а со посебен идентификационен број на канцеларијата.

**член 5**

(1) Право на употреба на печатотот има директорот на Јавното претпријатие.

(2) Со посебна одлука на директорот се уредува начинот на употреба и овластувањата со печатот по подружниците.

**член 6**

(1) Јавното претпријатие има амблем.

(2) Формата, содржината и употребата на амблемот на Јавното претпријатие се уредува со акт што го донесува Управниот одбор.

**Дејност на Јавното претпријатие**

**член 7**

(1) Јавното претпријатие ги врши следните дејности:

- **1.61** Помошни дејности за одгледување на посеви;
- **1.62** Помошни дејности за одгледување на животни;
- **46.23** Трговија на големо со живи животни;
- **46.33** Трговија на големо со млечни производи, јајца и масла и масти за јадење;
- **42.21** Изградба на комунални објекти за течности;
- **42.99** Изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место;

Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта • Скопје

(2) Приоритетна дејност на Јавно претпријатие е:

- **1.61** Помошни дејности за одгледување на посеви;

**Организација на Јавното претпријатие**

**член 8**

(1) Заради успешно и ефикасно вршење на дејноста, Јавното претпријатие се организира во:

1.Дирекција, и
2.Подружници

(2) Со правилник за внатрешна организација се утврдува:

- работи и работните задачите на дирекцијата и подружниците, и
- бројот, називот и седиштата на подружниците.

**член 9**

Јавното претпријатие работите од својот делокруг ги врши како единствена организациона – правна целина.

**член 10**

(1) Заради обезбедување на потребната координација во извршувањето на работите од дејноста на Јавното претпријатие во дирекција се организираат стручни служби по сектори.

(2) Со секторите раководат раководители на сектори.

**член 11**

(1) Подружниците на Јавното претпријатие немаат својство на правно лице, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на Јавното претпријатие.

(2) Со подружницата раководи раководител.

**Органи на Јавното претпријатие**

**член 12**

Органи на Јавното претпријатие се:

1. Управниот одбор,
2. Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење, и
3. Директор

**Управување и раководење**

**член 13**

(1) Со Јавното претпријатие управува Управниот одбор.

(2) Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од седум члена.

(3) Владата на Република Македонија ги именува, односно разрешува членовите на Управниот одбор.

(4) Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолго од четири години.

**член 14**

(1) Со Деловник за работа се утврдува начинот на работа на Управниот одбор.

(2) Претседателот и Заменикот на претседателот, Управниот одбор ги избираа од редот на своите членови.

(3) При гласање на седница на Управниот одбор во записникот задолжително се внесуваат податоци за гласањето на секој член со образложение за причините за гласањето.

**член 15**

Управниот одбор на Јавното претпријатие:

1. Го донесува статутот на Јавното препријатије;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на Јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на Јавното претпријатие;
5. Одлучува за употребата на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривање на загубите;
6. Ја донесува годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите;
8. Одлучува за внатрешната организација на Јавното претпријатие;
9. Дава согласност на актот за систематизација на Јавното претпријатие што го донесува директорот;
10. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие;
11. Го избира и разрешува директорот на Јавното претпријатие, врз основа на јавен конкурс;
12. Ги донесува општите акти на Јавнотото претпријатие и одлучува за нивното изменување и дополнување;
13. Ја донесува стратегијата за управување со ризици на Јавното претпријатие;
14. Го донесува оперативниот план за заштита од пожари;
15. Донесува финансов план;
16. Го донесува годишниот план за јавни набаки и негово изменување и дополнување;
17. Ги донесува посебните одлуки за спроведување на јавни набавки;
18. На сите одлуки над 50.000 евра, управниот одбор задолжително бара одобрение од надзорниот одбор согласно член 21 од овој статут;
19. Усвојува информации за остварениот финансиски резултат како и други информации за работа на Јавното претпријатие;
20. Донесува одлуки за задолжување со кредити;
21. Одлучува по приговори за заштита на правата на работниците во случај утврден со закон;

22. Донесува одлуки за формирање на комисии предвидени со актите на Јавното претпријатие;
23. Ги донесува одлуките за вршење на попис за потребите на Јавното претпријатие и формира посебни комисии за нивно спроведување;
24. Ги донесува одлуките за набавка на основни средства, како и за нивно отуѓување и расходување;
25. Разгледува и одлучува по барања поднесени до Управниот одбор во врска со дејноста на Јавното претпријатие;
26. Донесува одлука за овластени потписници на Јавното претпријатие;
27. Дава согласност за службените патувања во странство, доколку патуваат повеќе од тројца вработени од Јавното претпријатие и
28. Одлучува и за други прашања кои се од интерес за Јавното претпријатие.

**член 16**

Управниот одбор на Јавното претпријатие ги има сите овластувања да превзема мерки кои се потребни за трајно и непрекинато вршење на дејноста на Јавното претпријатие.

**Директор**

**член 17**

(1) Со работата на Јавното претпријатие раководи директор, кој го избира и разрешува Управниот одбор на Јавното претпријатие.

(2) Директорот се избира со мандат од четири години, со објавување на јавен оглас, под услови и начин утврдени согласно Законот за јавните претпријатија.

(3) Во случај кога директорот е службено отсутен, или отсутен поради болест, може да овласти друго раководно лице да го застапува, освен за работи кои се во исклучива надлежност на директорот утврдени со Закон и овој статут.

**член 18**

Директорот на Јавното претпријатие ги врши следните работи:

1. Ги извршува одлуките и заклучоците на Управен одбор;
2. Превзема мерки и активности за релизација на програмата за работа на Јавното претпријатие;
3. Активно учествува во фаза на подготовка и донесување на годишната програма за работа и годишната инвестициона програма;
4. Го претставува и застапува Јавното претпријатие во надворешните односи со трети лица;
5. Врши усогласување на деловната активност на Јавното претпријатие;
6. Го организира и го раководи процесот на работатата и работењето;
7. Ги именува раководителите на подружниците;
8. Ги донесува актите со кои се регулираат правата и оврските на вработените во Јавното претпријатие, согласно Законот за јавните претпријатија, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работните односи, Општиот колективен договор на вработените во јавниот сектор и Колективен договор на ниво на работодавач;

9. Ја информира јавноста за работењето на Јавното претпријатие;
10. Го донесува актот за систематизација на Јавното претпријатие, со претходна согласност од Управниот одбор и Министерството за информатичко општество и админитрација;
11. Го донесува годишниот план за вработување во Јавното претпријатие за следната година по претходна согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и по претходна согласност од Министерството за финансии;
12. Предлага донесување на подзаконските акти, нивно изменување и дополнување до управниот одбор на Јавното претпријатие;
13. Ја утврдува потребата на отказ на вработените од деловни причини;
14. На секои шест месеци доставува извештај за работата на Јавното претпријатие до Управниот одбор;
15. Го организира начинот на информирање на работниците;
16. Формира комисии предвидени со подзаконските акти на Јавното претпријатие;
17. По потреба формира посебни комисии;
18. Донесува одлуки за службени патувања во странство на работниците;
19. Во процесот на работата и работењето, директорот може да овласти вработено лице во Јавното претпријатие да потпишува и превземе дејствија за конкретни работи наведени со посебен писмен акт;
20. За застапување во постапките пред судовите, директорот со писмено полномошно може да определи лице согласно законот кое ќе го застапува претпријатието, и
21. превзема и други мерки за непречено одвивање на работата и работењето на Јавното претпријатие.

**Надзорен одбор**

**член 19**

(1) Контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие ја врши Надзорниот одбор составен од пет члена.

(2) Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.

(3) Членовите на Надзорниот одбор од ставот (1) од овој член ги именува, односно разрешува Владата на Република Македонија.

**член 20**

(1) Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на Јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

(2) Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето на Јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор за контрола.

(3) Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на Јавното претпријатие со свое мислење, Надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии.

(4) Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на Јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.

(5) Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

**член 21**

(1) Надзорниот одбор дава одобрение на одлуките на Управниот одбор, кои се однесуваат на износи над 50.000 евра.

(2) При гласање на седница на Надзорен одбор во записникот задолжително се внесуваат податоци за гласањето на секој член со образложение за причините за гласањето.

**Соработка со синдикатот**

**член 22**

(1) Работниците во Јавното претпријатие имаат право на синдикално организирање.

(2) Јавното претпријатие обезбедува услови за работа и делување на синдикалната организација на Јавното претпријатие.

(3) Синдикатот, Управниот одбор и директорот соработуваат во остварувањето и заштитата на правата на работниците утврдени со Законот за јавните претпријатија и Законот за работните односи.

(4) Во остварувањето и заштитата на правата на работниците синдикатот може на Управниот одбор и на директорот да му достави предлози и мислења.

**Штрајк во Јавното претпријатие**

**член 23**

(1) Вработените во Јавното претпријатие имаат право на штрајк согласно Законот за јавните претпријатија, Законот за работните односи и колективен договор.

(2) Ако синдикатот, односно работниците во Јавното претпријатие одлучат да го користат правото на штрајк, најдоцна седум дена пред денот кога имаат намера да најават штрајк, треба на директорот на Јавното претпријатие да му доставаат писмено предупредување во кое синдикатот, односно штрајкувачкиот одбор ќе ги изнесе причините за намерата да се организира штрајк.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА • Скопје

(3) Штрајкувачкиот одбор, претставниците на Управниот одбор и директорот се должни по предупредувањето од став (2) на овој член да понудат предлог за решавање на спорот и со тој предлог да ги запознаат работниците и јавноста.

**Јавност во работењето**

**член 24**

Во средствата за јавно информирање и во сопствените информативни средства, се известуват работниците и корисниците на услугите на Јавното претпријатие за сите прашања поврзани со дејноста на Јавното претпријатие.

**член 25**

Јавноста на работењето на Јавното препријатие се обезбедува со:

- објавување на општите акти на огласна табла;
- објавување на информации на веб страната на Јавното претпријатие;
- информирање во јавните гласила за работата на Јавното претпријатие, и
- организирање на промотивни активности.

**член 26**

Општи акти на Јавното претпријатие се:

- Статутот;
- Колективен договор на ниво на работодавач;
- Деловник за работа на Управен одбор;
- Правилник за планирање и реализација на агромелиоративни мерки на пасишта во државна сопственост;
- Правилник за внатрешна организација;
- Правилник за систематизација;
- Правилник за работно време;
- Правилник за користење на службени моторни возила;
- Правилник за користење на службени мобилни телефони;
- Правилник за признавање на правото на трошоци за патен превоз на членовите на Управен одбор и Надзорен одбор;
- Правилник за репрезентација, и
- други подзаконски акти утврдени со Законот за јавните претпријатија, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работните односи и Законот за трговските друштва.

**член 27**

Постапките за изменување и дополнување на општите акти на Јавното претпријатие се вршат по предлог на Управниот одбор и директорот.

**член 28**

Општите акти се објавуваат на огласна табла на Јавното претпријатие.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА • Скопје •

**Преодни и завршни одредби**

**член 29**

Со денот на влегувањето во сила на овој статут престанува да важи Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта бр.03-1/1 од 02.09.1998 и бр.02-81/3 од 23.09.2006 година.

**член 30**

Овој статут влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие, а ќе се објави по добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Арх.бр.02-10/6
Скопје, 15.01.2016 година

**Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта**
**Управен одбор**
**Претседател, Љупчо Илиев**